Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 02 3 235-400; Факс: + 389 02 3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

Бр. 02-598/1
27.02.2015

Врз основа на член 20 став 1 точка 1 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Сл. весник на РМ“ бр. 13/96, бр. 5/09 и бр. 59/12), член 76 став 1 точка 1 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2013), Собранието на Академијата на седницата одржана на 12 февруари 2015 година, донесе

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување

## на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите

**Член 1**

Во Статутот на Македонската академија на науките и уметностите (Билтен бр. 1/2013) во член 116 став 3 се менува и гласи:

„Раководителот на научна и уметничка организациона единица се именува на четири години. По исклучок може да се именува само уште еден мандат“.

**Член 2**

По член 167 се додава нов поднаслов XII. „Други обележја“ и се додаваат 3 нови члена кои гласат 167-а, 167-б и 167-в кои гласат:

*Академски инсиīнии*

Член 167-а

„Во Академијата се востановуваат академски инсигнии: колаина со беџ и значка.

Академските инсигнии го содржат амблемот на Академијата, кој се состои од квадрат со заоблени агли, односно обележјето на дејноста на Академијата.

Колаината со беџ ја носат редовните членови на Македонската академија на науките и уметностите, а нивната употреба ќе се уредува со Правилник.“

*Одори*

Член 167-б

„Во Академијата се востановува одора за членовите на Извршниот одбор на Претседателството на Академијата. Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Академијата, како и при претставување на Академијата на меѓуакадемски и меѓународни средби.“

Член 167-в

„Изгледот и употребата на сите обележја на Академијата ќе се уредат со посебен Правилник на Македонската академија на науките и уметностите.“

**Член 3**

Се овластува Претседателството да утврди пречистен текст на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите и да изврши усогласување на правилниците и другите акти на Академијата со Статутот.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Билтен“ на Академијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

акад. Владо Камбовски